ЧУДО
йо
ЧУДО

ЧУДО ПО ЧУДО
Грег Бад

***Наслов на оригиналот:***
ONE MIRACLE AFTER ANOTHER
by Greg Budd

Original English edition copyright © 2010 by Review and Herald Publishing Association

© 2020 за изданието на македонски АИК Знаци на времето

Ниту еден дел од ова издание не смее да се репродуцира, да се складира во меморориски систем или да се распространува во која било форма или на кој било начин – електронски, механички, преку фотокопирање, преку снимање или на било кој друг начин – без претходно добиена писмена дозвола од издавачот.

***Превод:***
Илија Киров

***Лектура:***
Мелита Томовска

***Техничка обработка:***
Мелита Томовска

***Адаптација на корицата:***
Лазар Томовски

***Уредник:***
м-р Михајло Гурев

***Издава:***
АИК „Знаци на времето", ул. Влае бр. 42, Скопје

***Печати:***
Аркус Дизајн Д.О.О. ул. Веле Марков бр. 4, Скопје

Скопје, 2020

***Тираж:*** 1000

**www.znacinavremeto.mk**



*Божјата сила во животот на еден човек*

# ЧУДО по ЧУДО

*Искуствата на Павел Гоја*

ГРЕГ БАД

- прво издание -

„Оваа возбудлива, добро напишана книга, ќе ја збогати вашата вера, ќе ве охрабри уште поблизу да го запознаете Бога и да имате целосна доверба во Него. Верата на Павел Гоја во семоќниот Бог нè вдахнува и ние да веруваме, да се довериме, да се молиме, да чекаме и да примаме.“

*Рута Јакобсен, Молитвена служба,*
*Северноамериканска дивизија*

„Доживувањата на Павел Гоја, како христијанин адвентист во комунистичка Романија, се навистина вредни да се забележат. Оваа книга покажува дека Бог е присутен и дека му помага на Својот народ. Ние на Запад сме се навикнале на слободата и можеме да ја исповедаме својата вера без големи спротивставувања. Неопходно е да читаме стории, како оваа книга, кои ќе ни помогнат да се подготвиме за поголемите испити и предизвици кои ни претстојат според пророштвата.”

*Доналд Коркум, претседател на адвентистичката*
*Конференција во Висконсин*

„Оваа книга е ишарана со чудесни искуства како Бог влегува во животот на еден млад човек кој расте во тешки и опасни времиња во комунистичка Романија и како Бог точно, недвосмислено и лично му зборува. Книгата навистина вдахновува, од почетокот до крајот.”

*Ралф Хендершот*

„Додека беше мој студент, не ми требаше многу време за да почувствувам дека Павел Гоја е човек воден од Бога. Оваа книга е неверојатна затоа што во неа се открива како Бог води и одговара на молитвите.“

*Жак Бланко, заслужен предавач во*
*Јужниот адвентистички универзитет во Тенеси*

„Додека го читав ракописот за Павел Гоја, повеќепати пролевав солзи од извонредните искуства за Божјата интервенција, како одговор на неговите молитви. Бев длабоко поттикнат повторно да го посветам мојот живот на верност кон Бога и желба да Му се доверам, како што направил и Павел. Додека ги пишувам овие редови, предавам на романскиот адвентистички факултет, само неколку километри од местото каде што се случиле тие искуства. Сфаќајќи колку моќни чуда Бог извршил во Романија за време на комунистичките прогонства, направија на моите патувања во таа држава да се чувствувам како да стапнувам на света земја! Им ја препорачувам оваа книга на сите кои сакаат да ја закрепнат својата вера во Бога, кој одговара на молитвите исто така моќно како и во библиските времиња.“

*Ричард Дејвидсон, раководител на катедрата за Стар Завет на Теолошкиот факултет при универзитетот „Ендрус“*

„Чудесните искуства на проповедникот Павел Гоја потсетуваат на настаните за коишто читаме во книгата Делата на апостолите: чуда, верност, восхитувачки молитви кон Бога на небото. Сето тоа е возможно кога еден човек избира секој ден да му припаѓа само на Бога. За Бога не постои ништо невозможно, а се однесува на оние што му се целосно посветени Нему. Оваа книга ќе ве наведе да посакате да паднете на колена и потполно да му се предадете на Господа, кој копнее да изврши прекрасни и чудесни дела за своите деца.“

*Рон Клузе, директор на Институтот по евангелизам на Северноамериканската дивизија*

# Содржина

1. глава
**Не вели: „Дете сум!“** ........ **9**

2. Глава
**Јас ќе се погрижам за тебе** ........ 23

3. Глава
**Непријатна околност со стакла** ........ 35

4. Глава
**Каде се вашите книги?** ........ 47

5. Глава
**Ти не постоиш!** ........ 55

6. Глава
**Веќе не си слободен** ........ 69

7. Глава
**Сè што може да врши раката твоја** ........ 80

8. Глава
**Го познаваш ли генералот?** ........ 99

9. Глава
**Ќе дадам народи во замена за тебе** ........ 114

10. Глава
**Во добро и во зло** ........ 140

11. Глава
**Внукот на премиерот** ........ 153

12. Глава
**Мене Мене** ........ 173

13. Глава
**Ден по ден** ........ 184

**Заклучок** ........ 200

**Апелот на Павел** ........ 207

1. глава

# „Не вели: ’Дете сум!’”

– Не верувам дека има Бог! – избрбори Павел Гоја во темнината.

– Уморен сум од таа глупава помисла. Чувствувам дека ќе полудам! Како дозволив така да се излажам? Да поверувам во Суштество кое дури и не постои и ги краде ведрината и забавата од животот. Моите пријатели надвор се забавуваат, а јас тука лежам изгубен и осуден. Уште колку ноќи треба да се вртам во креветот, без да спијам? Мразам да го слушам бескрајното отчукување на секундите. Да лежам тука со чувство на вина што постојано ми одѕвонува во умот, е вистински кошмар. Би дал сè за да го задушам тој Глас кој ме гони: „Павел, ако умреш оваа вечер, ќе бидеш засекогаш изгубен!“

Една по друга мислите го напаѓаа младиот човек кој се обидуваше да избега од мачнотијата во душата. Бедниот Павел немаше каде да избега ниту каде да се скрие. Беше решил да стави крај на таа мизерија.

– Треба да се избавам од мислите за Бога и да се насладувам на животот, како сите мои пријатели, – полугласно изусти Павел и го бутна ќебето.

– Заминувам во градот за да се забавувам, и без тоа не можам да спијам, – измрмори тој под нос додека ги бараше панталоните.

Не беше лесно да ја најде облеката во сенката на темната соба, но со малку упорност успеа во тоа. Бегството му беше внимателно испланирано, па минуваше од соба во соба на прсти за да не ги разбуди своите родители. Но кога стигна до дневната соба, одеднаш застана. Светлината на месечината која се прикрадуваше низ прозорецот, ја оцрта силуетата на татко му како коленичи на молитва. Павел често го забележуваше татко му како се моли, но зошто и оваа вечер? Последното нешто што неговиот растроен ум сакаше да го види додека бегаше од дома и од Бога, во кого веруваа неговите родители, беше како татко му се моли.

Зачекори брзо во темнината. Едвај успеваше да ги разликува силуетите на предметите на бледата улична светлина што се простираше пред него. Додека брзаше кон пријателите кои го чекаа, во секоја сенка на патот го прогонуваше мислата за неговиот татко кој се моли.

– Еј, Павел! Се радуваме што успеа да дојдеш! – кажа еден од неговите пријатели.

Еден од централните паркови, познат како „Малиот пазар”, беше станал нивно омилено место каде ги минуваа ноќите во пушење и пиење. Од тоа идеално место ги демнеа младите жени кои случајно минуваа. Многу работници од фабриките мораа да поминат низ тоа „стратешки избрано“ место на патот до дома по втората смена. Кога и да имаа момчињата среќа да помине некоја млада жена, таа веднаш становаше центар на вниманието. Секоја од нив ја поздравуваа со шумни потсвиркувања проследени со навредливи

предлози. Истото тоа се повторуваше скоро секојпат. Младото друштво со ентузијазам ја продолжуваше таа мала игра додека не станеше јасно дека објектот не е привлечен од нивното чудно однесување.

– Вчера одлично се забавуваме, – се јави еден друг пријател. Неговото тврдење беше брзо беше поткрепено со силно, пијано смеење. На слабата светлина Павел можеше на сите страни да види докази за тоа. Изгледа дека неговите пријатели беа пристигнале доста порано од него. Со куп расфрлени отпушоци и скоро празни шишиња кои се мавтаа во нивните раце, не беше тешко да се забележи дека храбро ги вложуваа сите напори да си поминат „добро“.

– Павел, раскажи ни една од твоите шеги. Која ја приготви за оваа вечер? - извика познат глас.

За неколку мига Павел стана центар на вниманието додека ја раскажуваше омилената шега од својот богат репертоар. Настапи како врвен актер.

Никој не му понуди цигари или пиење зашто никогаш не изразуваше желба да им се придружи во тие пороци. Сепак, со сигурност знаеше како да ги насмее. Знаеше повеќе непристојни вицеви од сите собрани заедно. Но, навистина не го сврзуваше ништо со таа груба хулиганска група, иако доста време минуваше со нив. Малкумина од нив беа заинтересирани за училиштето и скоро сите потекнуваа од домови без морал.

Спротивно на тоа, Павел беше од христијанско семејство, трето поколение, и имаше одличен успех во училиште. Често чувствуваше дека неговото место не е меѓу тие момчиња кои немаа цел и правец во животот. Тие живееја од едно „добро доживување“ до следното. Изгледа дека никој немаше ништо против тоа што Павел е малку поинаков од нив; неговата остроумност и духовитост да раскажува приказни ги тераше да се смеат со часови секоја вечер.

Аудиториумот повторно се смееше на вечерната забава.

– Еј, погледнете ја девојката што доаѓа наваму! – кажа еден од одушевеното пијано друштво на Павел.

Неочекуваното појавување на младата девојка создаде ненадејно оживување. Сега таа го привлече целото внимание на групата. Кога младата жена се приближи, непристојното и вулгарно однесување на толпата, придружено од силни потсвиркувања, се засили.

Таа се обиде да помине покрај пијаните младичи, но неколку од нив брзо ја опколија. Нејзините избезумени и широко отворени очи бараа начин да се извлече, но тие ја приклештија. Во ужас и мошне исплашена, таа ги молеше да ја пуштат, но беше напразно. Растревожен, Павел гледаше како ѝ се потсмеваат и ја дразнат со непристојни гестови, како да го беа изгубиле умот. Тој едвај го издржа нивното понижувачко однесување и силно извика:

– Пуштете ја!

Насмевките на нивните лица, додека ги слушаа неговите истории, се стопија и преминаа во гнев и презир, откако Павел упорно протестираше против нивното однесување.

– Ајде, момчиња, пуштете ја! Тоа што го правите е лошо! – ги молеше Павел со сета храброст што успеа да ја собере.

Обидот да ја заштити, за кратко време го префрли вниманието од младата жртва кон нејзиниот заштитник. Разгневен и многу лут, еден од водачите на бандата силно извика:

– Кој си, пак, ти за да ни кажуваш што е правилно а што не? Не се сеќавам некој да те праша како треба да постапуваме!

Згрозен од нивното однесување, Павел си тргна. Не сакаше да учествува во нивната лудост, туку само да ѝ помогне на расплаканата млада жена која ги молеше да ја пуштат.

Откако сфати дека неговиот обид да помогне е безуспешен, одлучи да си замине.

– Бегај оттука и не се враќај!

Стана јасно дека ништо не може да ја промени нивната зла намера. Павел почувствува како да има грутка во стомакот, кога се сврте и си замина од пијаната проколнувачка „пазарска толпа". Беа ли тоа истите тие момчиња што тој ги сметаше за пријатели? Веќе не гледаше ништо привлечно во нив. Таа ноќ помина, но не како што тој се надеваше.

Обидите на Павел да избега од вината затоа што не соучествуваше со своите пријатели во градот, не ги скротија неговите неспокојни мисли ниту му го обезбедија мирот што очајно го бараше. Неговото враќање дома беше потажно од бегството.

Остатокот од ноќта беше сè друго, само не спокоен. Се вртеше во креветот цела ноќ. Кон грижата на совеста се придружија очите исполнети со ужас и гласот на расплаканата жена која молеше да ја пуштат.

Следниот ден започна со неспокојни, мачни чувства. Сцените од претходната вечер не сакаа да го напуштат и сега се чувствуваше полошо од кога било порано. Не помина долго време, а случката од претходната вечер што му носеше големо неспокојство, стана позната во квартот, преку веста што се ширеше од сосед на сосед.

– Дали слушна како сношти млади момчиња брутално силувале една невина девојка? Полицијата сите ги задржала. Се надевам дека никој од нив нема да излезе оттаму. Ако ги фрлат клучевите од затворот, и тоа ќе биде премногу добро за тие бескорисни никаквеци.

Кога Павел ја дозна судбината на девојката, беше потресен. Болното чувство од претходната ноќ повторно се врати. Тие што ги сметаше за пријатели, несомнено ќе поминат

многу години во затворот. А тој беше поштеден. Јасно сфаќаше колку беше лесно да е сега со нив и да ја очекува својата пресуда, ако не си заминеше порано.

Беше многу благодарен што го отфрлија. Кога си ја претстави исплашената девојка како ги моли да ја ослободат, исчезна секое сочувство што можеше да се роди кон таа толпа хулигани што ги сметаше за свои пријатели. Додека размислуваше како се спасил од долгогодишната пресуда, во неговото сознание се појави ликот на татко му како се моли.

И таа вечер не можеше да заспие. Замислено ги гледаше сенките на таванот како и претходната ноќ. Но, сега неспокојството и чувството на вина не му даваа мир. Оваа ноќ тој нема да бега од Бога туку ќе се приближи кон Него. Во тишината на ноќта се сети за поранешните години од животот.

Не беше лесно да растеш во христијанско семејство за време на комунистичка Романија. На христијаните се гледаше како на бастун за слабокарактерни, наивни и глупави луѓе. Откриено им се подбиваа на тие што одеа во црква. Библијата беше забранета. Тие што настојуваа да ја прегрнат верата, имаа ограничена можност за вработување – една од последиците што можеа да се очекуваат. Неговото семејство многупати преживуваше посебни тешкотии поради нивната вера во Бога.

Кога Павел си ги повторуваше многубројните предизвици со кои се соочуваше неговото семејство, тој чувствуваше благодарност за здравото христијанско наследство што им беше предадено од неговиот дедо. Чувствата на благодарност ги заменија горчливите доживувања од минатата ноќ. Колку поразлична перспектива му даде само една ноќ!

Сега тој сфати зошто татко му се молеше на колена секоја вечер за да настане промена во односите меѓу него и неговите пријатели, фрлени во затвор меѓу бетонски ќелии.

Павел не можеше, а да не се насмевне кога оживеаја спомените од детството. Израсна во градот Турну Северин, во југозападниот дел на Романија, покрај бреговите на реката Дунав, која за него и сестра му обезбедуваше места за сеопфатно истражување. Само фантазијата на младо момче може да ја оживее целата историја обвиена со тишина низ вековите.

Во бессоната ноќ го опфатија пријатни спомени за неговата црква и љубовта што му беше укажувана. Уште како млад, тој беше надарен со исклучително проникнлив и буден ум. Секоја седмица, со нетрпение го очекуваше задоволството да цитира стихови од Библијата пред црковните членови. Посебно возрасните членови ја претчувствуваа неговата речитост. Тој го сакаше вниманието и пофалбите што му беа укажувани по секое цитирање. Наградите беа не само разновидни комплименти туку честопати бонбони и други подароци посакувани и ценети од децата. Многубројните награди беа мотивација за неговите настапи. За кратко време тој рецитираше цели поглавја од Библијата, најмногу поради восхитувањето од страна на луѓето. За да се радува на посебното внимание на своите обожаватели, кон својот репертоар додаде и пеење специјална музика.

Од своите први спомени, пеењето беше дел од искуството на неговото семејство. Учењето песни во црквата му одеше лесно, зашто имаше остар ум и беше надарен со прекрасен глас. Многу добронамерни членови, без да насетуваат, со своите чести комплименти, пофалби и подароци, многу рано го засилија во него чувството дека ги надминува другите христијани.

Фризурите на момчињата почнаа да се менуваат, но не и на Павел. За да додаде нов елемент кон својот лик на „добро момче во црквата“, тој секои две седмици го посетуваше берберскиот салон. Како му се враќаа спомените од дет-

ството мораше да признае дека можеше да биде еден од најмладите фарисеи во светот. Беше „добро момче" и знаеше дека е така.

Неговото патување во спомените продолжи додека лежеше во мракот. Еден од моментите на кои најмногу се сеќаваше беше кога имаше само пет години. Говорникот беше проповедник гостин. Тој многупати си спомнуваше делови од проповедта. Гледајќи во лицата на луѓето, проповедникот ја претстави веста: „Мојата проповед оваа вечер е заснована на Еремија 29,11". Тој ја зеде Библијата и ги повика да го прочитаат тој стих на глас:

„Зашто само Јас ги знам замислите, што сум ги смислил за вас, вели Господ, замисли за добро, а не за зло, за да ви дадам иднина и надеж".

Павел слушаше внимателно додека проповедникот го објаснуваше стихот. „Не е важно дали сте млад или стар, ниту какви се можностите во вашиот живот. Бог има план за вас."

Проповедникот продолжи, а петгодишниот Павел се обиде да сфати како тоа може да се однесува на него. Не му беше тешко да поверува дека Бог има план за неговиот дедо, кој верно го следел целиот свој живот. Размислувајќи за животот на неговите родители можеше да ги види Божјите планови и за нивниот живот, но за петгодишно дете? Како во тој стих да имаше нешто повеќе од тоа што го кажуваше.

Во заклучокот на пораката, стана јасно дека заедницата е благословена и вдахновена со чудесна и свежа слика за еден личен Бог. Излегувајќи од црквата, еден по друг, верниците му благодареа на проповедникот. Конечно дојде и неговиот ред да му се заблагодари на говорникот. Застанувајќи право пред него, тој го погледна в очи и со сета своја ревност го запраша:

– Навистина ли Бог има план за мене или уште сум мал?

Со голема насмевка проповедникот го увери во Божјите планови дури и за петгодишните деца.

– Си го прашал ли Бога во молитвите дали има план за тебе? – запраша проповедникот.

– Не, не сум го прашал, – одговори замислено Павел.

Замислен од тој предизвик, тој отиде до јаболкницата во дворот на црквата. Многупати се молеше таму, но денес беше поинаку. Сакаше да го праша Бога за нешто многу важно.

Со затворени очи почна да го излева своето срце:

– Драги Господе, јас сум малечко момче, само на пет години. Навистина ли имаш план и за мене?

Продолжи така да се моли уште неколку минути. Ако Бог има план за него, тој сакаше да го дознае.

Кога почувствува дека доволно долго се молел, почека нетрпеливо глас од небото да му даде одговор. Што ли ќе му каже Бог? Тивко чекаше да слушне глас од небото, но тишината ја нарушуваше само шумот од лисјата што полека паѓаа.

Разочаран, но не и обесхрабрен, тој помисли да се обиде на друг начин да се приближи до Бога. Го забележа татка си како разговара пред црквата со Библија во раката. Павел брзо се приближи до него. Кога го погледна во лицето, тој кажа:

– Тукушто се помолив и го прашав Бога дали има план за мене, но Тој не одговори ништо.

Широки насмевки се појавија на лицата на мажите околу татко му.

Без да почека некој да му одговори, тој ја зеде Библијата од рацете на татко му. Ја држеше светата книга и се чудеше како може да го разбере Божјиот план за неговиот живот од стиховите во неа. Произволно ја отвори Библијата и го постави прстот на еден стих. Со сигурност Бог ќе го опише

Својот план за неговиот живот во Своето слово. Повторно погледна кон татка си и го замоли да му го прочита стихот.

Татко му бавно го премести прстот на Павел од Еремија 1,5 и го прочита текстот. Насмевката од неговото лице исчезна кога го разбра неговото значење.

„Пред да те обликувам во утробата, Јас те познавав и пред да излезеш од утробата, те посветив: те поставив за пророк на народите.” Јас пак, одговорив: „О, Господи Боже, не умеам да говорам, зашто сум уште млад.” Но, Господ ми рече: „Не вели, дете сум, зашто до сите до кои ќе те испратам ќе одиш и сè што ќе ти заповедам ќе кажеш” (стих 5–7).

Додека лежеше во креветот, Павел се сети на тој момент и се насмевна. Повторно го почувствува истото одушевување.

Тогаш се сети дека, откако татко му го прочита текстот од Библијата, следните неколку минути потскокнуваше од радост раскажувајќи им на сите: „Јас ќе станам проповедник или мисионер.“ Тој ќе зборува од името на Бога. И Бог јасно му одговори: „Не вели, дете сум“. На неговата молитва пристигна одговор. Тој не е мал и Бог навистина има план за неговиот живот. Беше избран да биде Негов специјален говорник.

Павел веднаш ја прегрна својата мисија како Божји пратеник. Подготвен да даде многу повеќе од себе од кога било порано, тој би ја проценувал личната духовна состојба на секого, како и неговите духовни потреби. Тие што не се во согласност со неговата проценка како проповедник евангелизатор, тој ќе ги просветли. На секој човек, за кој тој смета дека му е потребно покајание, ќе му упати срдечен апел да се покае. Ќе го предупреди светот за неговата судбина без Бога.

Откако тргна во прво одделение, Павел го насочи својот евангелски фокус кон своите соученици. Не му требаше многу време за да ги процени нивните потреби. Според негова проценка како евангелист, на целото одделение му недостига духовност, но се разбира, не и нему. Каков ли предизвик е тоа за неговата прва евангелизација!?

Марширајќи пред одделението, самоуверен и со храбар проповеднички стил, тој ја изнесе својата проповед пред 45–те ученици. „Сите треба да одите во црква или во спротивно, со сигурност ќе горите во пеколот!" Неговата презентација беше кратка, но нејзината содржина остана јасно фокусирана до крајот. Беше убеден дека на неговите соученици им го осигури духовното просветлување за кое тие копнееја.

– Каде погреши? – се чудеше Павел додека гледаше низ прозорецот. Беше време за во црква и никој од неговите соученици не го чекаше пред неговиот дом. Долгата редица од замислените соученици кои чекаат, не се појави. Немаше ниту еден преобратен од неговата проповед.

Разочаран, но не и очаен, Павел започна да подготвува стратегија за следната презентација. Веројатно не ја истакна доволно претстојната казна. Следниот пат мора да биде сигурен дека нема да го намали значењето на казната. По неколку дена почувствува дека дошло времето да ја повтори проповедта. Во заклучокот на втората презентација тој се погрижи да не ја пропушти смислата со цел да не ја прифатат несериозно. Беше зачуден зошто однесувањето на неговите соученици не се промени. Неколкупати излезе напред за да им припомни дека наскоро ќе ги стигне вечната казна, ако не го следат неговиот пример. По неколку слични проповеди тој одлучи да ја промени стратегијата. Ако стравот не може да ги убеди, можеби тактиката за наградата ќе постигне резултати.

Стоејќи повторно пред своите школски другари, Павел го започна својот последен апел.

– Сакам да ви ја откријам тајната на мојата ненадмината популарност. Причината зошто јас сум најинтересниот во училиштето е затоа што одам во црква. Ако сакате да личите на мене и вие треба да дојдете.

Следната седмица луѓето од црквата беа вчудовидени кога Павел го поведе целото одделение по патеката и сите седнаа напред очекувајќи ја ветената награда. Но, сите се вратија дома без да видат промена дека се позабавни ниту попопуларни. За жал, неговите гости дојдоа само еднаш, независно од просветлувањето за кое се беше погрижил. Очигледно не ја сфатија вистината дека треба да дојдат многупати за да станат како него. „Што се случува со сите?” – се чудеше Павел. Несомнено е дека беа во заблуда во врска со тоа, какви всушност се тие. Ако сè уште не се израснати да станат „познати и забавни“, тој веројатно би им помогнал да го развијат карактерот. Сега сè му изгледаше јасно, а нивниот проблем беше недостаток на понизност.

Павел не престана да се насмевнува додека си спомнуваше за својата поранешна ревност како проповедник евангелизатор. Тој го беше вложил целото свое срце во тој повик, само за да открие дека е многу потешко отколку што мислеше на почетокот.

Сам во темнината, тој размислуваше за промените кои бавно се случуваа во неговиот живот. Постепено, фокусот врз личната покана од Бога почна да бледнее. Последните неколку години одеше во црква само за да го зарадува својот татко. Сè повеќе и повеќе го бараше одобрувањето од пријателите наместо од Бога. Останувајќи со пријателите надвор од дома до 2–3 часот наутро придонесе да се расипе неговата вера. Често го слушаше Божјиот глас кој му припомнуваше за специјалната молитва под јаболкницата и за

одговорот што дојде преку Библијата на татко му. Но, тој многупати го игнорираше тој тивок глас кој го повикуваше да се врати во животот исполнет со мир и среќа.

Сега го опфати чувство на сожалување и тага кога размислуваше за изборите што ги направи во текот на последните неколку години. Го тргна ќебето и клекна до креветот. Откривајќи го своето срце пред Бога, почна да се моли:

– Господи, ако не си многу гневен на мене, ако сè уште ме сакаш, подготвен сум да се вратам кај Тебе. Ако тоа беше навистина Ти, кога бев на 5 години и ми говореше, сакам да ја примам Твојата покана. Не знам како можеш да ми простиш. Возможно ли е да ме прифатиш по сите ситуации кога се откажував од Тебе? Постои ли начин да ми простиш?

Лежејќи со лицето на подот тој продолжуваше со часови да ја излева својата душа пред Бога. Околу 5 ч. наутро, чудесен мир и прифаќање го исполнија целото негово суштество.

Ја отвори Библијата и се помоли: „Господи, те молам зборувај ми уште еднаш од Твоето Слово." Повторно случајно ги заврте страниците на Библијата и се отвори на Исаија 54,8–10:

„Во пламенот на гневот го сокрив од тебе лицето Свое за кратко време, но со вечна милост ќе те помилувам, вели твојот Искупител Господ. Зашто тоа за мене е како потопот за време на Ное: како што се заколнав дека потоп нема повеќе да дојде на земјата, така се заколнав дека нема да ти се лутам ниту да те прекорувам. Планини ќе се поместат и ридови ќе се разнишаат, но Мојата милост нема да отстапи од тебе и заветот на Мојот мир нема да се разниша" – вели Господ, Кој те милува."

Солзи радосници почнаа да му капат од очите, кога живото Слово потона длабоко во неговото срце. Му заблаго-

дари на Бога откако почувствува дека Тој повторно го прифаќа и го отстранува бремето на гревот и склучи свечен завет со Него:

– Отсега па натаму никогаш нема да го напуштам својот дом без молитва и богослужение секое утро, сè додека не бидам сигурен дека Ти си со мене.

Срцето на Павел се прелеваше од радост кога излезе од својата соба и отиде да ги разбуди своите родители за и тие да се зарадуваат на неговото обновено посветување на Бога. Повторно го најде татко му на колена. Кога татко му го поздрави, тој искрено го замоли:

– Те молам, продолжи да се молиш за мене. Веќе долго време се борам, но оваа ноќ му го предадов своето срце на Бога.

Татко му го погледна во очите и рече:

– За тебе се молам секојпат кога ме гледаш на колена. Знам што значи да се бориш. Кога бев помлад и јас го преживував тоа, но во искушенијата Бог ми даваше стих од Светото писмо и чувствував како да беше напишан точно за мене. Чуј сега што ми кажа Бог кога бев млад: „Тој пак ќе се смили над нас и ќе ги сотре нашите беззаконија. Тој ќе ги фрли сите наши гревови во морските длабочини" (Михеј 7,19).

Со насмевка додаде:

– Можеби Бог ќе ти даде и на тебе стих еден ден.

– Тој веќе ми даде, – кажа Павел со голема насмевка.

Перницата со која споделуваше многу бессони ноќи, го канеше повторно во креветот. За првпат по многу години тој почувствува вистински мир, ги затвори очите и слатко заспа.

## 2. глава

# Јас ќе се погрижам за тебе

Уште пред првите зраци на зората да ѕирнат низ прозорецот на спалната, Павел се извлече од покривките и клекна на колена до креветот. Беше решен да го исполни ветувањето што го даде претходната вечер.

– Ќе ме чека ли Бог? Ќе ми зборува ли повторно денес? – се прашуваше тој кога ја наведна главата. „Оче, јас сум, Павел. Тука сум, како што ветив. Те молам, помогни ми да Ти бидам верен пријател. Толку многу сум ти благодарен што сè уште ме сакаш. Те молам, промени ме. Преобрази ме одново, каков што Ти сакаш да бидам" – тивко се помоли тој.

Го чувствуваше Божјото присуство, исто како што го почувствува и претходната ноќ. Колку беше благодарен што Бог не го напушти во неговиот бунт. Со насмевка ја зеде Библијата. Се надеваше зборовите повторно да оживеат и со восхит почувствува дека секој збор е напишан точно за него.

Ново духовно просветлување го осветли неговиот ум и погледна нагоре во молитва: „Татко, Ти си прекрасен. Ти си надвор од човечкото разбирање." Тој никогаш до сега не си претставуваше дека Творецот на неопфатната вселена ќе му

зборува толку лично на некој недостоен како него. Срцето му се прелеваше од благодат. Исто како и претходната ноќ, дојде уверувањето дека Бог ќе биде со него во текот на целиот ден. Штом заврши неговата утринска средба со Бога, Павел широко се насмевна.

– Колку чудесен начин да се започне денот! – мислеше тој, споредувајќи го тоа утро со толку многу други во последните неколку години. Новото пријателство со Бога го благослови на начин што не можеше да си го претстави.

Павел се наследуваше на благословите од времето поминато со Бога, кога го надвјасаа спомени од хаосот на неговите младешки обиди за слобода. Во главата му поминуваше случка по случка. Телевизијата и филмовите го пополнуваа најголемиот дел од неговото слободно време. Имаше и време што тој не го користеше за ништо. До доцна во ноќта гледаше филмови. Тие станаа негово секојдневие наместо кратковремена забава.

Наутро, уморен и со зацрвенети очи по маратонот од филмови се измолкнуваше од креветот во 7 и 45. Часовите во училиште започнуваа во 8 ч. Со таквиот проблем тој се среќаваше секој ден, бидејќи му требаа 20 минути за да стигне на училиште. Како избезумен, секое утро бараше да облече нешто. Тоа беше трка со часовникот. Неговата соба прилегаше на бојно поле. Косата му беше сета разбушавена додека излегуваше низ вратата, обидувајќи се патем набрзина да си ги врзе врвците на обувките.

Скоро во едно и исто време, секој ден, Павел влегуваше во училницата, секогаш 10-15 минути по започнувањето на часот. Едно утро измисли генијално и безопасно оправдување за своето доцнење. Беше сигурен дека дури ниту најмудрите учители нема да можат да ја откријат неговата измама.

Иако часот беше започнат, тој се втурна во училницата и почна да го изнесува својот смислен изговор.

– Рано ова утро излегов за училиште за да сум меѓу првите ученици што пристигнуваат. Со дополнителното време што го имав, бев сигурен дека ќе пристигнам порано на училиште. Сè беше во ред додека не стигнав до главната улица. Не можев да знам дека токму во моментот кога треба да ја преминам улицата ќе има погребна поворка. Поворката сигурно беше за некој познат човек бидејќи не се гледаше крајот на редицата од автомобили. Чекав и чекав да поминат за да ја пресечам улицата. Но, поворката едвај се движеше, дури двапати побавно од нормално. Изгледаше дека никогаш нема да помине. По 15–20 минути установив дека ќе задоцнам малку, бидејќи поминаа само половина од автомобилите. Можев да се втурнам и брзо да ја преминам улицата, но не го сторив тоа. Од почит решив да почекам. Кога помина и последниот автомобил се затрчав со сета сила.

Завршувајќи ја својата драматична презентација, тој се упати кон своето место. Беше доволно сигурен во својата убедливост така што дури и најинтуитивниот учител би бил пленет од неговата речитост.

Следното утро тој си мислеше: „Штом сè помина така лесно, зошто повторно да не го искористи тоа безопасно алиби?" Нова погребна поворка пристигнуваше на главната улица секој ден, токму тогаш кога тој требаше да помине. По неколку драматични реторики учителот реши да го заштеди времето од неговата презентација. Кога Павел се појавуваше на вратата, тој едноставно прашуваше без да го погледне:

– Гоја, уште еден погреб?

Павел само одмавнуваше со главата и седнуваше на своето место. Неговиот план беше погенијален отколку што претпоставуваше на почетокот. Сега едно едноставно: „Да" или одмавнување со главата беше доволно да го заблуди целото одделение. Но, не размисли внимателно за еден факт. Беше одговорен за погребите на повеќе познати личности од сите што постоеја во целата држава! Од каде доаѓаа

сите тие толку познати личности? И колку жално што толку многу од нив умираа така последователно еден по друг.

Додека си спомнуваше за минатите години, доживеа ново чувство на благодарност. Неговото минато беше комплицирано и збунувачко! Најголемиот шок се случи кога отиде навреме на училиште. Целото одделение не можеше да си поверува на очите. Колку задоволен требаше да биде сопственикот на погребната служба за одморот што го има!

Секој изминат ден се продлабочуваше љубовната врска на Павел со Бога. Во неговите мисли испливаа библиските ветувања што ги беше научил како дете. Сега тие не беа само убави зборови, тој можеше да ги бара како свои сопствени ветувања. Излевањето на срцето пред Бога во молитва, за него се претвори во разговор со неговиот најдобар Пријател. Секое утро ги отвораше своите очи со чувство на чувство на нетрпеливо очекување на настаните што ќе му ги донесе денот. Едвај чекаше да го открие новиот благослов што го очекува. Библијата стана жива и моќна книга.Одново и одново го доживуваше тоа што секое утро го читаше во Светото Писмо, исполнувајќи го со силата што му е потребна за тој ден. Читајќи ги зборовите на Еремија од Плачот на Еремија 3,22.23: „Зашто по милоста на Господ не загинавме наполно, бидејќи милосрдието Негово не е пресекнато; тоа се обновува секое утро; верноста Негова е голема", тој можеше да погледне кон небото и да каже: „Господе, твоето Слово е вистина. Тоа Ти го правиш за мене секој ден."

„Зашто по милоста на Господ не загинавме наполно, бидејќи милосрдието Негово не е пресекнато; тоа се обновува секое утро; верноста Негова е голема."

Често, додека Бог лично му зборуваше, солзи бликаа од неговите очи.

– Господе, како можев да го пропуштам сето тоа? – шепотеше тој. Едно е да се прочитаат зборовите во Исаија 50 глава – а сосема друго е лично да се доживеат:

„Секое утро Тој го разбудува увото мое, за да слушам како тие што се учат" (стих 4).

– Ти благодарам, Господе, што немам потреба од часовник да ме буди наутро. Ти си верен, точно онака како што кажува твоето Слово. Првите мисли што ме поздравуваат секое утро се Твоите. Возбудливо е да Те слушам како го изговараш моето име и ми шепотиш: „Те чекав." Навистина, твојата грижа за мене е несфатлива – се молеше Павел додека размислуваше за восхитот што го беше доживеал во своето новооткриено пријателство со Бога.

Знаеше дека без Божјата помош, желбата да биде „познат" и „забавен" ќе го натера повторно да ја преземе контролата над својот живот во свои раце. Барајќи да биде прифатен од пријателите, тој еднаш се одвои од Бога, а сега одлучи, со Неговата благодат, никогаш повеќе да не дозволи гордоста да завладее со неговиот живот. Во молитва, секој ден, тој откриено ја исповедаше својата слабост пред да го напушти својот дом. Се молеше Бог да му помогне повеќе да се грижи за Божјето мислење, отколку за тоа што мислат другите.

Започна неверојатно преобразување. Размислувајќи за Бога и разговарајќи со Него секое утро, тој започна да се менува и да станува посличен на својот нов Пријател. Нештата се бореше, почнаа полека да ја губат својата привлечност. Желбите како едноставно да си заминаа. Бог го менуваше точно како што беше ветил.

Израсна со ликот на татко му, клекнат на колена во молитва и тоа го збунуваше – само до пред неколку дена. За него целосна мистерија беше зошто некој би поминувал толку многу време во разговор со Бога, кого не може да го види и да го чуе. Но, сега совршено го разбираше тоа.

Примерот на Исус во Евангелието според Марко беше неговиот модел за секој нов ден:

„А утредента, во темни зори, стана, излезе и отиде на пусто место и таму се молеше“ (Марко 1,35)

Одлучи да одреди специјално место за молитва за да добие сила, како што ја добивал и Исус. Какво доживување! Животот доби нова смисла. Можеше да воскликне заедно со псалмистот: „Сите наши извори се во Тебе“ (Псалм 87,7).

Неговата вера беше ставена на испит неколку седмици откако му вети на Бога дека никогаш нема да излезе од дома, без да се увери дека Тој е со него. Откако го помоли Бога да го разбуди за нивното заедничко време, тој се разбуди меѓу 4 и 5 ч. наутро, но од некаква причина повторно заспа. Кога го погледна часовникот, тешко воздивна – беше 7:30.

– Како можеше да се случи тоа? – се чудеше Павел. „Што да правам сега?”

Мораше да реши дали ќе остане да се сретне со Бога или да потрча кон училиштето. Започна вистинска борба. Неговата програма во училиштето беше променета. На местото на учителот, кој мошне добро беше запознаен со погребите, го поставија најупорниот учител комунист во целото училиште. Сите се плашеа од него, а и самиот тој се погрижи учениците да сфатат што ќе се случи ако го изнервираат. Што е уште полошо, тој отворено се потсмеваше на идејата за Бог. Ако задоцниш на некој од неговите часови, беше нешто што скоро никогаш нема да се заборави. Павел си замислуваше што би можело да се случи. Еден глас го повикуваше да го заборави ветувањето само во оваа пригода. Сепак, Бог со сигурност сака тој да биде добар ученик.

Што да направи?

Друг глас тивко му зборуваше: „Ќе ми веруваш ли и ќе поминеш ли време со мене заедно? Треба да знаеш дека Јас сум со тебе. Јас ги разрешувам твоите проблеми и ги отстра-

нувам тешкотиите. Дали и сега ќе ми се довериш?“ Тој знаеше дека има само еден избор за да остане верен на ветувањето и тивко го започна своето време на заедништво со Бога.

Одвреме-навреме го прогонуваа слики со ликот на бесниот учител, но тој ги предаваше на Бога. Поминаа скоро два часа пред да го почувствува мирот и уверувањето кои му беа потребни.

Павел се молеше на секој чекор по долгиот пат до училиштето. Што ли ќе се случи? Дали ќе го истераат од часот? Тој знаеше дека тој час беше задолжителен за да матурира. На секоја мисла што му го нарушуваше мирот, тој едноставно велеше: „Господе, ја предавам на Тебе“.

Беше скоро 10 часот кога тој влезе во училницата. Целосно го пропушти првиот час, а вториот беше започнал.

Седнувајќи на место, го погледна својот пријател од соседниот ред. Тој му врати со поглед полн со восхит. Лесно наведнувајќи се, неговиот пријател прошепоти:

– Од каде знаеше дека денес учителот е болен? Ти го избра соодветниот момент! И тоа не е сѐ. Овој учител заборави да ги запише присутните. Можеш ли да поверуваш? Тоа се нема случено порано. Гоја, ти си најсреќниот човек на земјата!

Павел воздивна со олеснување кога сфати дека Бог го благослови за верноста кон Него. Малку по малку тој гледаше дека ситните детали се сврзуваат на начини што тој не би можел да ги разреши сам.

Божјите благослови го следеа не само на училиште, но и во неговата работа. Откако го предаде својот живот на Бога, чувствуваше сѐ поголема желба да се докаже како занаетчија. Одличната репутација на татко му како изведувач на градежни работи, ја придоби довербата на луѓето кои ги очекуваа неговите способности и стручен извештај за нивните објекти. Во часовите по училиште, семејниот бизнис му

осигуруваше можност на Павел да научи различни аспекти од градежништвото, а исто така, да заработи и пари.

Од сите вештини што ги научи, сечењето стакло беше едно од неговите омилени занимања. Наскоро Бог го благослови со вештина, умешност и прецизност какви стекнуваат малку занаетчии. Неколку трговски градежни објекти имаа барање, на определени места да се поставаат огноотпорни армирани стакла. Малкумина занаетчии беа искусни во сечењето на тоа специјално стакло. Татко му беше негов учител и од него ги научи сите тајни на оваа специјална вештина.

Кога наврши 16 години, Павел имаше можност да докаже дека навистина е компетентен мајстор, а не само еден незрел тинејџер. Раководителот по градежништво се потпираше на помошта од татко му за последните поставени рокови. Често се појавуваа неочекувани тешкотии што предизвикуваа одолговлекувања кои скапо чинеа. Многупати изгледаше дека објектот нема да биде завршен на време. Загрижен, раководителот му се јавуваше на г–н Гоја и ја бараше неговата помош за да го заврши проектот до поставениот рок. Повторно и повторно Бог го благословуваше да може да постигне многу повеќе отколку што другите би помислиле. Кога ќе дојдеше крајот на седмицата, г–н Гоја објавуваше дека нема да дојде на работа следниот ден, бидејќи тоа е неговиот ден за богослужение. Тоа беше непријатна тема. Многупати го молеа да дојде на работа, но тој секогаш остануваше верен на своите убедувања.

Раководителот по градежништво повторно се најде во непријатна ситуација. Еден од најголемите центри за поправка на автомобили во државата беше во процес на изградба. Зградата имаше најсовремена архитектура, а до неа беше предвидено да има повеќекатен паркинг. Објектот требаше да биде пуштен во октомври, но работата се одвиваше со големо задоцнување. Претседателот на државата требаше да го